2020

МРТ

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.04 - 30.06.2020Г

II Квартал

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД ....................................................................................................3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2020 година..........................................................3

II. ПРИХОДИ...................................................................................................4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2020 ГОДИНА............................................5

III. ТРОШОЦИ - ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ.......................................................................................................6

Трошоци за вработените..........................................................................6
Патни и транспортни трошоци ...................................................................7
Заеднички трошоци ...................................................................................7
Програмски права .....................................................................................8
Останати трошоци од работење.................................................................8
Инвестиции...............................................................................................9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2020 ГОДИНА.............9

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2020г..................................13

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2020 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ..........................................14

1. Побарувања од купувачите во земјата......................................................14
2. Побарувања од купувачите во странство ..................................................15

VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2020 ГОДИНА ..............................................................................................................15

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2020 ГОДИНА.......16

# I. ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во рамки на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и емитување на радио и телевизиски програми од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Во месец април 2020 година, ЈРП МРТ започна со емитување на својата програма на три нови телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 3 кој емитува забавно - музичка, културна и спортска програма, МТВ 4 – документарна програма и програма на етничките заедници и МТВ 5 наменет за детска програма, а во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ. Во истиот период постоечкиот Втор ТВ програмски сервис на албански јазик својата програма започна да ја емитува со 24 часовно дневно времетраење.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

Во второто тримесечје од 2020 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 259.747.195 денари и расходи во износ од 203.961.740 денари, при што е остварен позитивен финансиски резултат од 55.785.455 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2020 година**

| ОПИС | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | | Финансиски план 2020г | | Остварување 01.04.-30.06.2020г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **227,690,394** | **100.0** | **996,000,000** | **100.0** | **259,747,195** | **100.0** | **114.1** | **26.1** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **151,601,312** | **66.6** | **990,000,000** | **99.4** | **203,961,740** | **78.5** | **134.5** | **20.6** |
| Трошоци за вработени | 91,991,603 | 40.4 | 433,160,000 | 43.5 | 100,368,711 | 38.6 | 109.1 | 23.2 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 1,787,933 | 0.8 | 9,550,000 | 1.0 | 27,496 | 0.0 | 1.5 | 0.3 |
| Заеднички трошоци | 33,300,511 | 14.6 | 220,490,000 | 22.1 | 35,183,272 | 13.5 | 105.7 | 16.0 |
| Програмски права | 9,984,542 | 4.4 | 261,500,000 | 26.3 | 58,280,524 | 22.4 | 583.7 | 22.3 |
| Останати трошоци од работење | 14,536,723 | 6.4 | 65,300,000 | 6.6 | 10,101,737 | 3.9 | 69.5 | 15.5 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **76,089,082** | **33.4** | **6,000,000** | **0.6** | **55,785,455** | **21.5** | **73.3** | |

# II. ПРИХОДИ

Во периодот 04-06 месец 2020 година реализирани се приходи во износ од 259.747.195 денари.

Највисоко учество во вкупниот приход, или 86,0%, има приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои, согласно Законот за ААВМУ, МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Во анализираниот период по овој основ остварени се вкупно 223.500.000 денари.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 50.270 денари што е реализација од 10,1% во однос на планираните приходи за 2020 година за оваа намена.

По основ на услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во износ од 381.362 денари или 12,7% во однос на планираните приходи за 2020 година за оваа намена

Ставката останати деловни приходи бележи реализација во износ од 5.685.848 денари или остварување од 33,4% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата се однесува на приходи од наплатени отпишани побарувања, приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнителни приходи од минати години и слично. Во вкупно остварените приходи за второто тримесечје од 2020 година овие приходи учествуваат со 2,2 %.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во второто тримесечје од 2020 година е остварен во износ од 129.715 денари што е остварување од 0,3% на планираните средства во Финансискиот план за 2020 година за оваа намена но со оглед на новонастанатата состојба со Корона вирусот COVID-19 истото, не само во второто тримесечје туку и во рамки на севкупното работење на МРТ во 2020 година е значително намалено.

Во услови на отежнато работење на ЈРП МРТ при зголемен ризик од новонастанатата состојба во земјата и светот предизвикана од ширењето на опасноста и справување со последиците од вирусните заболувања со Корона вирусот COVID-19 кај населението, со тоа и кај вработените во МРТ, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РСМ донесе Одлука за доделување на финансиска помош на ЈРП МРТ во износ од 30.000.000 денари. Овие средства ЈРП МРТ ги доби во месец април 2020 година а истите се наменети за спроведување на мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства, како и за покривање на дополнителните трошоците поврзани со производство, набавка и емитување на програма наменета за деца и млади, и на други видови на програма чија крајна цел е исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економско-финансиското работење.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2020 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.04-30.06.2019г | Планирани приходи за 2020г. | Остварени приходи 01.04-30.06.2020г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност | 223,500,000 | 894,000,000 | 223,500,000 | 100.0 | 25.0 | 86.0 |
| Закупнини | 75,155 | 500,000 | 50,270 | 66.9 | 10.1 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 3,000,000 | 381,362 | 73.7 | 12.7 | 0.1 |
| Приходи од странство (технички услуги,коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 11,116 | 2,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати год., приходи од укинување на долгорочни резервирања),дополнително утврдени приходи од претходни години | 3,279,705 | 17,000,000 | 5,685,848 | 173.4 | 33.4 | 2.2 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 18,604 | 1,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 288,500 | 45,000,000 | 129,715 | 45.0 | 0.3 | 0.0 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 3,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи од донација од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 0 | 30,000,000 | 30,000,000 | 0.0 | 100.0 | 11.5 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **227,690,394** | **996,000,000** | **259,747,195** | **114.1** | **26.1** | **100.0** |

# III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот април - јуни 2020 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 203.961.740 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2020 година претставува реализација од 20,6 %.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04-30.06.2020 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Финансиски план 2020г | Остварување 01.04.-30.06.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 91,991,603 | 433,160,000 | 100,368,711 | 109.1 | 23.2 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 1,787,933 | 9,550,000 | 27,496 | 1.5 | 0.3 |
| Заеднички трошоци | 33,300,511 | 220,490,000 | 35,183,272 | 105.7 | 16.0 |
| Програмски права | 9,984,542 | 261,500,000 | 58,280,524 | 583.7 | 22.3 |
| Останати трошоци од работење | 14,536,723 | 65,300,000 | 10,101,737 | 69.5 | 15.5 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **151,601,312** | **990,000,000** | **203,961,740** | **134.5** | **20.6** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 297,338 | 6,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **297,338** | **6,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **151,898,650** | **996,000,000** | **203,961,740** | **134.3** | **20.5** |

## Трошоци за вработените

Трошоците за вработени во второто тримесечје од 2020 година се остварени во вкупен износ од 100.368.711 денари или 23,2% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци опфаќа трошоци за бруто плата на вработените кои изнесуваат 100.074.382 денари, кои во однос на остварувањето во истиот период од минатата 2019 година се зголемени поради зголемувањето на минималната плата на вработените во нето износ од 3.500 денари за секој вработен почнувајќи од месец Јули 2019 година. Во оваа група на трошоци спаѓаат и трошоците за отпремнина за вработените кои оствариле право на старосна пензија реализирани во износ од 217.274 денари, како и трошоците за други лични примања за исплатена парична помош на вработените во случај на боледување подолго од шест месеци, смрт на вработен или на член на потесно семејство и слично реализирани се трошоци во износ од 77.055 денари. Просечната нето плата по работник за периодот 04-06 месец 2020 година изнесува 29.432 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 27.496 денари и истата е реализирана со 0,3% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2020 година за оваа намена. Во однос на остварувањето во минатата 2019 година, патните и транспортните трошоци речиси и да немаат остварување што секако е последица на состојбата во земјата и светот т.е опасноста предизвикана од ширењето на Корона вирусот COVID-19. Имено, со затворањето на меѓународните граници и границите на РСМ, патувањата на екипите на МРТ надвор од земјата и реализацијата на планираните и тековните активности во врска со снимање на емисии од разни области се ставени во мирување се додека не се подобри споменатата состојба со COVID-19 .

### Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци во овој период од 2020 година остварена е во вкупен износ од 35.183.272 денари што е реализација од 16,0% на финансискиот план за 2020 година за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за електричен и технички материјал со вкупно остварување од 907.597 денари, материјал за поправка и одржување во износ од 419.661 денар, материјали за кулиси и декор реализирани во износ од 160.362 денари, потоа трошоци за канцелариски материјали во износ од 165.411 денари, материјал за возен парк во износ од 89.683 денари, трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво со вкупно остварување од 5.151.029 денари, телефонските трошоци и интернет во вкупен износ од 549.384 денари. За пренос и емитување на емисии и настани од разни области на програмите на МРТ користени се аудио и видео линии за кои е остварен трошок во износ од 796.742 денари. Реализација во рамките на планираната за 2020 година бележат трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 773.136 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.246.392 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на опрема и градежни објекти остварени во вкупен износ од 1.253.633 денари, потоа трошоците за одржување на возила во износ од 232.317 денари и одржување на ВЕБ страната на МРТ 166.886 денари како и трошоците за комунални услуги во вкупен износ од 1.611.349 денари. Трошоците за амортизација на основни средства пресметани за овој период изнесуваат 16.642.015 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет реализирани се трошоци во износ 983.059 денари кои се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ. За осигурување на имот и лица, во анализираниот период, реализирани се трошоци во износ од 291.653 денари, за камати од работење и затезни камати остварувањето изнесува 1.258.701 денар. Дополнително утврдените расходи од минати години остварени во износ од 2.117.132 денари опфаќаат расходи по фактури од минати години произлезени од задоцнето фактурирање од страна на комитентите по разни основи.

**Програмски права**

Програмските права во анализираниот период се остварени во вкупен износ од 58.280.524 денари, што претставува 22,3% реализација на планот за 2020 година за оваа намена.

Истите се однесуваат на следните ставки:

Ставката откуп на права за пренос и емитување на спортски настани е реализирана во износ од 4.997.235 денари и истата се однесува на реализирани трошоци за откуп на права за пренос на фудбалски натпревари (Македонска фудбалска лига и Македонски фудбалски куп сезона 2019-2020), спортски права за натпревари во НБА Лига во кошарка сезона 2019-2020 година и слично.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 33.464.440 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на македонски документарни филмови како и за реализација на емисии од областа на музиката, забавно-контактни емисии, детски и образовни емисии на македонски и албански јазик (Преспав, Компромис, Европски приказни, 5+Фамилија, Тунел, Дајте музика) и друго.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 16.536.058 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за лиценцирани вести од интернет, потоа продукција и емитување на ТВ проектите на македонски и албански јазик: Моето дете, Тие, Агенда 35, Турците во Македонија, Вредни домаќинки, ЕКО баланс, Пријатели на модата и сл.

Трошоците за откуп на правата за емитување на филмска програма (филмови, серии, детски анимирани филмови) во овој период се реализирани во износ од 3.282.791 денари.

**Останати трошоци од работење**

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 10.101.737 денари и истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 2.005.975 денари, трошоци за интелектуални услуги кои опфаќаат превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма а кои се реализирани во износ од 670.683 денари, како и трошоци за организацијата и реализирање на проектот Песна на Евровизија - Евросонг 2020 во износ од 532.969 денари но истата беше одложена поради состојбата со Корона вирусот COVID-19. За надоместок за членувањето на МРТ во меѓународни радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ и слично, реализирани се трошоци во износ од 2.763.177 денари а реализацијата на мало авторско право – ЗАМП изнесува 3.477.974 денари.

## Инвестиции

Во делот на инвестиции во нова опрема со Годишниот финансиски план на МРТ за 2020 година планирани се 6.000.000 денари, но, во вториот квартал од годината нема фактурирана реализација за започнатите тендерски постапки за јавни набавки, односно истите се во тек.

### АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2020 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Финансиски план 2020г | Остварување 01.04.-30.06.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 91,471,463 | 429,000,000 | 100,074,382 | 109.4 | 23.3 |
| Отпремнина за одење во пензија | 344,618 | 1,700,000 | 217,274 | 63.0 | 12.8 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 156,722 | 1,000,000 | 77,055 | 49.2 | 7.7 |
| Награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 1,100,000 | 0 | | |
| Трошоци за едукација | 18,800 | 360,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **91,991,603** | **433,160,000** | **100,368,711** | **109.1** | **23.2** |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 357,617 | 2,500,000 | 21,196 | 5.9 | 0.8 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 770,161 | 4,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 430 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 362,164 | 1,900,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Сопствено возило за службени потреби | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 62,177 | 300,000 | 6,300 | 10.1 | 2.1 |
| **Вкупно 2** | **1,552,549** | **9,100,000** | **27,496** | **1.8** | **0.3** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 235,384 | 450,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **235,384** | **450,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **1,787,933** | **9,550,000** | **27,496** | **1.5** | **0.3** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 141,478 | 1,600,000 | 845,084 | 597.3 | 52.8 |
| Технички материјал | 33,719 | 1,000,000 | 62,513 | 185.4 | 6.3 |
| Материјал за кулиси и декор | 0 | 1,800,000 | 160,362 | 0.0 | 8.9 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Финансиски план 2020г | Остварување 01.04.-30.06.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 1,200,000 | 419,661 | 0.0 | 35.0 |
| **Вкупно 4** | **175,197** | **5,750,000** | **1,487,620** | **849.1** | **25.9** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 87,308 | 1,500,000 | 165,411 | 189.5 | 11.0 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 33,828 | 300,000 | 89,683 | 265.1 | 29.9 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 450,000 | | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **121,136** | **2,250,000** | **255,094** | **210.6** | **11.3** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 1,459,885 | 22,500,000 | 3,769,006 | 258.2 | 16.8 |
| Трошоци за топлотна енергија | 1,654,085 | 12,000,000 | 1,216,419 | 73.5 | 10.1 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 469,603 | 3,500,000 | 165,604 | 35.3 | 4.7 |
| **Вкупно 6** | **3,583,573** | **38,000,000** | **5,151,029** | **143.7** | **13.6** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 114,833 | 1,500,000 | 7,205 | 6.3 | 0.5 |
| **Вкупно 7** | **114,833** | **1,500,000** | **7,205** | **6.3** | **0.5** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни линии | 46,903 | 700,000 | 88,458 | 188.6 | 12.6 |
| Телефонски трошоци-мобилни линии | 399,784 | 2,300,000 | 431,956 | 108.0 | 18.8 |
| Трошоци за интернет | 6,490 | 700,000 | 28,970 | 446.4 | 4.1 |
| Поштарина | 26,462 | 300,000 | 15,166 | 57.3 | 5.1 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 1,271,300 | 10,000,000 | 796,942 | 62.7 | 8.0 |
| **Вкупно 8** | **1,750,939** | **14,000,000** | **1,361,492** | **77.8** | **9.7** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 673,465 | 5,000,000 | 1,246,392 | 185.1 | 24.9 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 609,661 | 9,360,000 | 270,096 | 44.3 | 2.9 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 666,889 | 7,700,000 | 983,537 | 147.5 | 12.8 |
| Одржување на возила | 149,206 | 3,100,000 | 232,317 | 155.7 | 7.5 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 23,601 | 150,000 | 18,272 | 77.4 | 12.2 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 132,386 | 1,000,000 | 166,886 | 126.1 | 16.7 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 729,088 | 3,700,000 | 773,136 | 106.0 | 20.9 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 0 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 9** | **2,984,296** | **32,510,000** | **3,690,636** | **123.7** | **11.4** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 665 | 40,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Дератизација и дезинфекција | 63,450 | 350,000 | 77,500 | 122.1 | 22.1 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,339 | 1,200,000 | 205,239 | 99.0 | 17.1 |
| Трошоци за вода | 926,082 | 3,800,000 | 1,328,610 | 143.5 | 35.0 |
| **Вкупно 10** | **1,197,536** | **5,390,000** | **1,611,349** | **134.6** | **29.9** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Финансиски план 2020г | Остварување 01.04.-30.06.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 61,520 | 500,000 | 28,640 | 46.6 | 5.7 |
| Трошоци за регистрација на возила, полнимоштва и друго | 33,078 | 400,000 | 57,872 | 175.0 | 14.5 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 3,840 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати и сл.) | 0 | 800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати услуги, занаетчиски и сл. | 1,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за фотокопирање | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **99,438** | **2,050,000** | **86,512** | **87.0** | **4.2** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,240,508 | 65,000,000 | 16,642,015 | 109.2 | 25.6 |
| **Вкупно 12** | **15,240,508** | **65,000,000** | **16,642,015** | **109.2** | **25.6** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 0 | 2,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **2,000,000** | **0** | 0.0 | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 3,516 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 102,297 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 14** | **105,813** | **600,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 11,502 | 2,000,000 | 291,653 | 2,535.7 | 14.6 |
| **Вкупно 15** | **11,502** | **2,000,000** | **291,653** | **2,535.7** | **14.6** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 151,761 | 900,000 | 68,384 | 45.1 | 7.6 |
| **Вкупно 16** | **151,761** | **910,000** | **68,384** | **45.1** | **7.5** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Услуги за атестирање, изработка на елабораи и друго | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 250,000 | 24,037 | 0.0 | 9.6 |
| **Вкупно 17** | **0** | **350,000** | **24,037** | **0.0** | **6.9** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,240,712 | 5,200,000 | 983,059 | 79.2 | 18.9 |
| **Вкупно 18** | **1,240,712** | **5,200,000** | **983,059** | **79.2** | **18.9** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 689,024 | 4,000,000 | 26,276 | 3.8 | 0.7 |
| Судски трошоци и административни такси | 60,304 | 500,000 | 85,874 | 142.4 | 17.2 |
| **Вкупно 19** | **749,328** | **4,500,000** | **112,150** | **15.0** | **2.5** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 122,990 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **122,990** | **600,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Финансиски план 2020г | Остварување 01.04.-30.06.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 1,534,402 | 15,000,000 | 2,117,132 | 138.0 | 14.1 |
| **Вкупно 21** | **1,534,402** | **15,000,000** | **2,117,132** | **138.0** | **14.1** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 3,128,652 | 19,000,000 | 1,258,701 | 40.2 | 6.6 |
| **Вкупно 22** | **3,128,652** | **19,000,000** | **1,258,701** | **40.2** | **6.6** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 987,895 | 3,000,000 | 12,704 | 1.3 | 0.4 |
| **Вкупно 23** | **987,895** | **3,000,000** | **12,704** | **1.3** | **0.4** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | **0** | **880,000** | 22,500 | 0.0 | 2.6 |
| **Вкупно 24** | **0** | **880,000** | **22,500** | **0.0** | **2.6** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **33,300,511** | **220,490,000** | **35,183,272** | **105.7** | **16.0** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 0 | 25,300,000 | 3,282,791 | 0.0 | 13.0 |
| Останати програмски права | 4,558,464 | 81,000,000 | 16,536,058 | 362.8 | 20.4 |
| Надомест за фестивали | 0 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 1,725,008 | 49,500,000 | 4,997,235 | 289.7 | 10.1 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 1,814,250 | 3,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 1,886,820 | 102,200,000 | 33,464,440 | 1,773.6 | 32.7 |
| **Вкупно 25-Програмски права** | **9,984,542** | **261,500,000** | **58,280,524** | **583.7** | **22.3** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 44,904 | 1,500,000 | 45,045 | 100.3 | 3.0 |
| **Вкупно 26** | **44,904** | **1,500,000** | **45,045** | **100.3** | **3.0** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 3,100 | 600,000 | 150 | 4.8 | 0.0 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за рејтинг агенции-надомест за користење податоци за истражување | 0 | 4,350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 6,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 0 | 2,000,000 | 605,764 | 0.0 | 30.3 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 164,366 | 4,000,000 | 670,683 | 408.0 | 16.8 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 2,191,246 | 11,000,000 | 2,005,975 | 91.5 | 18.2 |
| Трошоци за проект Евровизија | 6,450,778 | 8,000,000 | 532,969 | 8.3 | 6.7 |
| Трошоци за награди од фестивали и други награди | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **8,809,490** | **38,700,000** | **3,815,541** | **43.3** | **9.9** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Финансиски план 2020г | Остварување 01.04.-30.06.2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 2,238,237 | 10,000,000 | 2,763,177 | 123.5 | 27.6 |
| Котизации и акредитации | 3,690 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП,ММИ) | 3,423,904 | 14,500,000 | 3,477,974 | 101.6 | 24.0 |
| **Вкупно 28** | **5,665,831** | **24,800,000** | **6,241,151** | **110.2** | **25.2** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 16,498 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **16,498** | **300,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **14,536,723** | **65,300,000** | **10,101,737** | **69.5** | **15.5** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **151,601,312** | **990,000,000** | **203,961,740** | **134.5** | **20.6** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 297,338 | 6,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **297,338** | **6,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **151,898,650** | **996,000,000** | **203,961,740** | **134.3** | **20.5** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2020г.

Состојбата на *денарските* сметки на ЈП МРТ на 30.06.2020 година изнесува:

- Комерцијална банка 31.709.793 денари
- Халк банка 14.462 денари
- Тутунска банка 32.507 денари
- Стопанска банка 57.347 денари
- Шпаркасе банка 226.187 денари
- Еуростандард банка 211.041 денари
- Силк роуд банка 40.690 денари
- Прокредит банка 191.191 денари

***Вкупно на сметки : 32.483.218 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2020 година изнесува:**

- Комерцијална банка 1.033 ЕУР
  5.736 ЦХФ
  5.841 АУД
  244 ДКК
- Стопанска банка 153 УСД

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2020 ГОДИНА

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.06.2020 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 30.06.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | **2,101,859,458** | **2,092,815,231** | **99.6** |
| **Побарувања од купувачите во странство** | **39,207,897** | **45,456,543** | **115.9** |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | **-2,127,593,651** | **-2,122,595,011** | **99.8** |
| **Вкупно:** | **13,473,704** | **15,676,763** | **116.4** |

## 1. Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 30.06.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,048,061,769 | 2,040,276,029 | 99.6 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 53,797,689 | 52,539,202 | 97.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,089,066,469 | -2,084,835,640 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **12,792,989** | **7,979,591** | **62.4** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 30.06.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувња по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,040,879,236 | 2,037,048,407 | 99.8 |
| - радио и телевизиски реклами | 3,367,665 | 1,375,353 | 40.8 |
| - закуп на основни средства | 146,302 | 141,843 | 97.0 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (парно, вода, струја) | 3,058,135 | 1,506,949 | 49.3 |
| - спогодби | 610,431 | 203,477 | 33.3 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 53,797,689 | 52,539,202 | 97.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во земјата | -2,089,066,469 | -2,084,835,640 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **12,792,989** | **7,979,591** | **62.4** |

## 2. Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.06.2020 година изнесуваат вкупно 7.697.172 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 30.06.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство ( тужени побарувања од отстапени права ) | 35,035,082 | 34,267,271 | 97.8 |
| - ТВ услуги | 539,993 | 541,830 | 100.3 |
| - технички услуги | 2,810,181 | 2,819,753 | 100.3 |
| - побарувања од закупнини | 16,784 | 16,841 | 100.3 |
| - отстапени права | 120,358 | 7,405,889 | 6,153.2 |
| - фестивали во странство | 413,675 | 127,045 | 30.7 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 271,824 | 277,914 | 102.2 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во странство | -38,527,182 | -37,759,371 | 98.0 |
| **Вкупно:** | **680,715** | **7,697,172** | **1,130.7** |

# VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2020 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2019 год. | состојба на 30.06.2020год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **542,063,695** | **476,999,349** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 100,124,018 | 56,553,798 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 13,066,040 | 21,564,994 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 79,257 | 79,257 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 147,267,252 | 129,133,482 |
| Обврски спрема вработените | 24,184,897 | 21,966,232 |
| Обврски за авторски договори | 1,303,434 | 1,132,788 |
| Краткорочни обврски МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 172,600,320 | 168,706,742 |
| Останати краткорочни обврски | 572,558 | 379,587 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 12,920,280 | 7,536,830 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг ММИ) | 69,945,639 | 69,945,639 |
| **Долгорочни обврски** | **189,080,710** | **189,080,710** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 14,657,025 | 14,657,025 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 174,423,685 | 174,423,685 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **731,144,405** | **666,080,059** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.06.2020 година изнесуваат **666.080.059** денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2019 година се намалени за **65.064.346** денари.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2020 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 30.06.2020 год. изнесува вкупно 752 лица, што е помалку за 8 лица или за 1,1 % во однос на состојбата на 31.03.2020 година.

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2020 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2020 | 0 | 27 | 317 | 22 | 351 | 0 | 30 | 13 | 760 | |
| 30.06.2020 | 0 | 27 | 313 | 22 | 347 | 0 | 30 | 13 | 752 | -8 |
| структура 30.06.2020г.(%) | 0.0 | 3.6 | 41.6 | 2.9 | 46.1 | 0.0 | 4.0 | 1.7 | 100.0 | -1.1 |

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2020 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2020 | 538 | 151 | 27 | 23 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 760 | |
| 30.06.2020 | 533 | 151 | 25 | 22 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 752 | -8 |
| структура 30.06.2020г.(%) | 70.9 | 20.1 | 3.3 | 2.9 | 1.1 | 0.5 | 0.5 | 0.3 | 0.4 | 100.0 | -1.1 |

Во текот на периодот април - јуни 2020 година во МРТ нема нововработени лица.

Во истиот период вкупно 8 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ по основ на стекнување на правото за пензионирање, и тоа: 2 уредници на програма со ВСС, 1 новинар со ВСС,1 музички продуцент со ВСС, 1 документатор со ССС, 1 референт со ССС, 1 сниматeл на тон со ССС и 1 мајстор на тон со ССС.

Скопје, Јули 2020 година

Одобрил

______________________________

Директор на ЗФ и администрација
Горан Атанасов

Директор на ЈРП МРТ

______________________________

Марјан Цветковски

Изработил: В. Димеска

Изработил: С.Николовска